Република Северна Македонија

**Агенција за катастар за недвижности**

[redacted]

Бр. 0204 - 7547/1

Дата 20 MAY 2021 Скопје

Република Северна Македонија

Агенција за катастар на недвижности

Трифун Хаџи Јанев бр.4

1000 Скопје,

Република Северна Македонија

Тел. (02) 3204 800

Факс: (02) 3171 668

Е-пошта: info@katastar.gov.mk

Врз основа на член 15 став 1 алинеја 13 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број. 55/13,41/14,115/14,116/15,153/15,191/15,61/16,172/16,64/1 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број.124/19“) и член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“број. 10/2020 година), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности го донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

1.За службеник за млади, лице одговорно за работење на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности се одредува државниот службеник Јанес Јакимовски, вработен во Агенцијата за катастар на недвижности, распореден на работно место соработник за вработување и мобилност во Одделение за вработување, мобилност, службенички однос и информативен систем сврзан со човечките ресурси, Сектор за управување со човечки ресурси.

2.Државниот службеник од точка 1 од ова Решение е одговорен за работењето на Канцаларијата за млади и следење на прашањата од интерес на младите од делокругот на Агенцијата за катастар на недвижности.

3.Службеникот за млади е должен да изготви Годишен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности од делокругот на младите и да го достави до Агенцијата за млади и спорт.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики според кој органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да одредат

Република Северна Македонија [redacted]

## Агенција за катастар за недвижности

службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата, а врз основа на член 15 став 1 алинеја 13 од Законот за катастар на недвижности, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе решение со кое државниот службеник Јанес Јакимовски, janes.jakimovski@katastar.gov.mk се одредува за службеник за млади.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-именуваниот
-Сектор за управување со човечки ресурси
-Сектор за информатички и комуникациски технологии (ИКТ)
-архива

**СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:**
Изработил:Јанес Јакимовски, соработник
Контролирал:Вуле Ќулумоски, раководител на одделение
Одобрил:Донка Гаџовска,раководител на сектор

ДИРЕКТОР

м-р Борис Тунцев

Примил: 20.05.2021год